IN MEMORIAM

УДК 929 Тодоровски, З.

ЗОРАН ТОДОРОВСКИ
(1950 - 2016)

На 5 март 2016 година ненадејно почина проф. д-р Зоран Тодоровски, еминентен македонски историчар и актуелен директор на Државниот архив на Република Македонија.

Тој е роден во Скопје во 1950 година. Завршил Филозофски факултет, група Историја со историја на уметноста, во 1972 година. Во 1989 година магистрирал на Филозофскиот факултет на тема *Дејствувањето на автономистичката ВМРО 1928 – 1934*, а во 1995 година на истиот факултет ја одбранил својата докторска дисертација *Внатрешната македонска револуционерна организација 1924 – 1934*. Тој беше долгогодишен директор на Државниот архив на Р Македонија, и тоа во два мандата, првиот во периодот од 1999 до 2002 година и вториот од 2006 до 2015 година.

На денот кога почина требаше да присуствува на состанок во Хрватскиот државен архив во Загреб, и тоа во врска со реализацијата на Анексот Д од Спогодбата за сукцесија на поранешна СФРЈ, односно за заедничкото архивско наследство од поранешна СФРЈ.

Проф. д-р Зоран Тодоровски беше активен и стручно и општествено мошне ангажиран. Бил секретар на Сојузот на друштвата на историчарите на Р Македонија, член на Редакцијата и одговорен уредник на списанието *Историја*, член на Републичката комисија за музеи и на Републичкиот педагошки совет. Исто така, бил претседател на Одборот за наградата „13 Ноември“ и член на одборите за наградите „Климент Охридски“, „23 Октомври“ и „11 Октомври“. Покрај тоа, бил

претседател и на Советот на научно-културните средби „Десет дена Крушевска република“ (2000 – 2002), член на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, член на Советот на Министерството за иселеништво, член во два мандата на Националниот совет за заштита на културното наследство при Министерството за култура и др.

Добитник е на државната награда „23 октомври“ за 2008 година и на наградата „11 октомври“ за 2014 година.

Д-р Тодоровски има постигнато значајни резултати во презентацијата на македонската историја и култура и во афирмацијата на Државниот архив во државата и во странство. Архивската изложба *Македонија низ вековите*, чиј автор е тој, гостувала во сите поголеми градови во земјата, но и во странство, и тоа во: Шведска (Гетеборг), Франција (Париз), Романија (Букурешт и Констанца), Словенија (Љубљана), Албанија (Подградец) и Бугарија (Варна и Ќустендил). Треба да се истакне и дека издавачката дејност на Државниот архив на РМ е мошне богата токму за време на неговите два мандата како директор на Државниот архив, а изданијата на Архивот ги промовира не само во Скопје туку и во повеќе градови во земјата и во странство.

Значајно е да се одбележи и плодната научноистражувачка дејност на д-р Зоран Тодоровски во архивите и во библиотеките во Република Бугарија. Бил дел од првата група македонски историчари-истражувачи во бугарските архиви во 1991 година. Од сите негови истражувачки престои од 1991 година до денес, тој има донесено и бесплатно донирано на Државниот архив на Република Македонија околу 120 000 документи од: Централниот државен архив, Научниот архив на Бугарската академија на науките, Архивот на Министерството за внатрешни работи, Градскиот архив на Софија, Историскиот архив

при Народната библиотека „Кирил и Методиј“ во Софија, Воениот архив во Велико Трново и од државните архиви во Варна, Благоевград и во Ќустендил во Р Бугарија. Се работи за импозантен број на драгоцен архивски материјал значаен за расветлувањето на македонската историја. Тој успеа да ги донесе речиси сите фондови на Македонската револуционерна организација и на сите најистакнати дејци и револуционери на Организацијата.

Како резултат на неговите залагања како директор на Државниот архив на РМ, оваа институција во 2011 година, кога славеше 60 години од своето постоење, доби Орден за заслуги за Република Македонија од претседателот на државата, д-р Ѓорге Иванов.

БИБЛИОГРАФИЈА НА ОБЈАВЕНИТЕ ТРУДОВИ

1. *Музејска дејност во СР Македонија – досегашни постигања и натамошен развој* (коавтор), Отешево, 1997, 97 стр.
2. *Музејска дејност во СР Македонија* (коавтор), Скопје, 1980, 127 стр.
3. *Златна книга – 100 години ВМРО* (коавтор), Скопје, 1993, 272 стр.
4. *Внатрешната македонска револуционерна организација 1924 – 1934*, Скопје, 1997, 281 стр.
5. *Владимир Ковачев, Песни за Македонија* (избор и предговор), 1997, 110 стр.
6. *Владислав Ковачев, Политичкото вјерују на Македонците* (предговор и редакција), Скопје, 2000, 196 стр.

7. *Револуционерните борби во Тиквешијата – спомени и материјали* (коавтор), книга 1 – 2, Скопје, 2001, 1.193 стр.
8. *Македонија низ вековите*, каталог (коавтор), Скопје, 2001, 81 стр.
9. *Петар Шанданов, Спомени* (предговор и редакција), Скопје, 2002, 310 стр.
10. *Тодор Поп Антов, Спомени* (предговор и редакција), Скопје, 2002, 257 стр.
11. *„Le mouvement macedonien“ (Македонското движење)*, (коавтор), Скопје, 2002, 337 стр.
12. *Методија Андонов - Ченто* (коавтор), Скопје, 2002, 532 стр.
13. *Премрежињата на македонското револуционерно движење. Спомени: Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Цолев, Мирчо Кикиритков* (предговор и редакција), Скопје, 2003, 278 стр.
14. *Тодор Александров, Сè за Македонија. Документи 1919 – 1924* (предговор и редакција), Скопје, 2005, 1.020 стр.
15. *Христо Поп Антов, Спомени* (предговор и редакција), Скопје, 2006, 369 стр.
16. *Велес меѓу двете светски војни 1918 – 1941* (коавтор), Скопје, 2007, 269 стр.
17. Крсте Петков Мисирков, Дневник 5. VII – 30. VII 1913, Скопје – Софија (коавтор), 2008, 446 стр.
18. *Ид его сум (Македонски историски рефлексии)*, Скопје, 2008, 480 стр.
19. *Македонското прашање во бугарскиот парламент 1918 – 1941* (коавтор), Скопје, 2008, 383 стр.

20. *Кратово низ вековите*, каталог (коавтор), Кратово, 2009, 48 стр.
21. *Мементо (Македонски историски реминисценции)*, Скопје, 2009, 231 стр.
22. *Војводата Славчо Абазов 1883–- 1928*, каталог (коавтор), Кочани, 2010, 42 стр.
23. *Димитар Мирчев, Спомени (предговор и редакција)*, Скопје, 2002, 231 стр.
24. *Павел Шатев 1882 – 1951, Живот посветен на Македонија*, каталог (коавтор), Кратово, 2011, 15 стр.
25. *Методија Шаторов-Шарло, Документи и материјали* (предговор и редакција), Скопје, 2012, 431 стр.
26. *Павел Шатев, Историја на Македонија* (материјали), том 1 (предговор и редакција), Скопје, 2012, 402 стр.
27. *Павел Шатев, Борис Сарафов (биографија)*, том 2 (предговор и редакција), Скопје, 2012, 149 стр.
28. *Павел Шатев, Спомени*, том 3 (предговор и редакција), Скопје, 2013, 364 стр.
29. *Павел Шатев, Полициско досие*, том 4 (предговор и редакција), Скопје, 2013, 220 стр.
30. *Павел Шатев, Записи за нацијата и државата*, том 5 (предговор и редакција), Скопје, 2013.
31. *Павел Шатев, Македонија и балканскиот проблем*, том 6 (предговор и редакција), Скопје, 2013.
32. *Павел Шатев, Македонија под ропство*, том 7 (предговор и редакција), Скопје, 2013.
33. *Павел Шатев, Документи*, том 8 (предговор и редакција), Скопје, 2013, 288 стр.

34. *Павел Шатев, Заточението во Сахара – Фезан*, том 9 (предговор и редакција), Скопје, 2013.
35. *Автономистичката ВМРО на Тодор Александров 1919 - 1924* (предговор и редакција), Скопје, 2013, 286 стр.
36. *Тодор Александров*, едиција „Македонски дејци“, ДАРМ, Македоника литера, Скопје 2014, 360 стр.
37. *Драган Богдановски – Мојата борба за Македонија, Погледи кон историјата на Македонија*, т. 1, ред. д-р Марјан Иваноски, д-р Зоран Тодоровски, 2014, 540 стр.
38. *Драган Богдановски – Мојата борба за Македонија, Осврти за македонската историја и политичката емиграција*, т. 2, ред. д-р Марјан Иваноски, д-р Зоран Тодоровски, 2014, 296 стр.
39. *Драган Богдановски – Мојата борба за Македонија, Македонска трагедија*, прв дел, т. 3, д-р Марјан Иваноски, ред. д-р Зоран Тодоровски, 2014, 442 стр.
40. *Ангел Узунов: Спомени*, ред. д-р Зоран Тодоровски, ДАРМ, Макавеј, 2014, 505 стр.
41. *Драган Богдановски – Мојата борба за Македонија, Македонска трагедија*, втор дел, т. 4, д-р Марјан Иваноски, ред. д-р Зоран Тодоровски, 2015, 472 стр.
42. *Драган Богдановски – Мојата борба за Македонија, Македонска судбина*, т. 5, д-р Марјан Иваноски, ред. д-р Зоран Тодоровски, 2015, 388 стр.

Филип ПЕТРОВСКИ